**ОГЛАС**

Датум на објава: 06.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во насока на реализација на своите активности објавува оглас за избор на **1 експерт/ка** за изработка на генерално упатство за аплицирање на повици од институциите и општините поврзани со секторот земјоделство и рурален развој. Дополнително ангажманот опфаќа и изработка на календар со индикативните датуми за објавување на повици во секторот.

Упатството ќе се изработи врз основа на претходно изработената анализа за постоечките повици од страна на институциите и општините поврзани со секторот земјоделство и рурален развој. Истото треба да им помогне на локалните здруженија од секторот многу полесно да ги пронаоѓаат јавните повици од општините и институциите за да може да обезбедат поддршка на нивните активности бидејќи информациите за ваквите повици најтешко се достапни до здруженијата.

Експертот/ката треба да ги исполнува следниве општи критериуми:

- Да има универзитетско образование;
- Да има искуство во работењето со граѓанските организации и да ја познава околината во која што истите функционираат и делуваат;
- Да го познава секторот земјоделство и рурален развој;
- Познавањето на процесите на децентрализација и работењето на општиниите ќе се смета за предност.

Крајниот резултат кој што треба да се постигне со реализацијата на оваа активност е:

*1.1.Унапредени механизми за учество и влијание на локалните здруженија во процесите на влијание на планирањето, но и следењето на државната финансиска поддршка*

Експертот/ката ќе биде ангажиран/а вкупно 3 работни денови.

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставaт професионална биографија (CV) и финансиска понуда најдоцна до **14 август 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Рурална Коалиција* е корисник на финансиска поддршка од програмата Цивика мобилитас

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА - Куманово
✉ село Режановце, 1300 Куманово, и ул. Орце Николов 29/6, 1000 Скопје
◇ ☎ 078 303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com; web: www.rural.mk ◇